Co-funded by the European Union

ABA VR

# VR сценарио за обука: Имплементирање на истребување на бегство во училишна средина

Времетраење: Приближно 10-15 минути
Средина: Училница во основно училиште, за време на академска активност (на пример час по математика)
Целна вештина: Имплементирање на истребување на бегство, за избегнување на задачи

Профил на детето: Марко

- Возраст: 5 години
- Дијагноза: Нарушување од спектарот на аутизам (дијагностицирано на возраст од 2 години)
- Јазично ниво: Зборува со фрази од 2-3 збора, може да следи едноставни инструкции
- Моментални вештини:
    - Може да ги идентификува основните бои и форми
    - Започнува да ги учи буквите и броевите
    - Може да ги побара посакуваните предмети, користејќи фрази како „сакам колаче"
    - Независен во основни активности за самогрижа
    - Може да почека неколку минути за посакуваниот предмет или внимание
- Предизвикувачки однесувања:
    - Станува од столчето за време на структурирани активности
    - Негодувања како „Не сакам!"
    - Ги турка материјалите од масата за време на тешки задачи
    - Се жали или го крие лицето кога е поттикнат да продолжи со одредена задача
- Поткрепувачи:
    - Време за iPad
    - Игра со балончиња
    - Музички играчки
    - Физички активности (скокање, вртење)

Преглед на сцените

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA"не можат да сносат одговорност за нив.

2023-1-DK01-KA220-HED-000153480

Лиценцирано под CC BY-NC-SA 4.0.

Ликови:

- Обучувач/Тренер/Дете: BCBA/Марко, 5-годишно дете со аутизам
- Наставничка: Г-ца Рената, на обука за RBT (Регистриран техничар за однесување)

Тек на сцените

---

Сцена 1: Вовед и инструкции (2 минути)

[Средина: Училница со клупи и материјали за задачата]

**Обучувач:** „Денес ќе се фокусираме на однесување одржувано од бегство. Марко станува од столчето или ги турка материјалите на страна кога задачата е тешка. Ајде да вежбаме истребување на бегството, така што нема да му дозволиме да ја избегне задачата. Наместо тоа, ќе ја задржиме неговата ангажираност и ќе ги поткрепиме неговите соодветните обиди за завршување на активноста."

**Наставничка:** „Разбирам. Значи ако се обиде да замине или да ги турне работите на страна, треба да го насочам повторно кон задачата без да попуштам?"

**Обучувач:** „Обиди се да ја вратиш соработката со тоа што ќе му дадеш мали задачи кои може да ги заврши и за нив ќе обезбедиш поткрепување, додека постепено го насочуваш кон поголемата задача. Исто така, ајде да го научиме Марко да побара помош на соодветен начин."

---

Сцена 2: Почетна вежба (2 минути)

[Средина: Марко и наставничката седат на клупата. Наставничката претставува математичка задача за поврзување.]

**Наставничка:** „Марко, ајде да ги поврземе овие броеви!" [Ги поставува материјалите пред него]

**Марко:** [Ги турка материјалите од клупата] „Не сакам!"

**Наставничка:** [Смирено ги собира материјалите и ги враќа назад] „Ајде да продолжиме. Јас ќе го поврзам првото наместо тебе."

**Обучувач:** [Ја паузира симулацијата] „Реагираше смирено, но внимавај да не го отргнеш барањето на задачата. Доколку ја решиш задачата за Марко, тој може да го сфати тоа како

функционална стратегија за да ги избегне задачите. Ајде да се обидеме да му дадеме на Марко шанса самостојно да се вклучи во активноста повторно, пред да обезбедиме поттик или поткрепување за тоа што не ја завршил првата задача."

---

Сцена 3а: Практична примена (3 минути)

[Средина: Наставничката повторно претставува математичка задача за поврзување.]

**Наставничка:** „Марко, ајде да ги поврземе броевите!"

**Марко:** [Се жали и го крие лицето, одбива да се вклучи во активноста]

**Наставничка:** „Прво ќе ја завршиме задачата, потоа може да направиш пауза." [Кратко чека да ја реши задачата, нежно ја допира раката на Марко за да го насочи кон материјалите.]

**Марко:** [Зема картичка и ја поврзува]

**Наставничка:** „Одлично Марко."

**Обучувач:** „Успешно обезбеди поткрепување за неговите мали обиди. Ајде да се обидеш да му понудиш пауза откако ќе ја заврши првата задача без да се жали или откако ќе заврши предизвикувачкото однесување."

Сцена 3б: Практична примена (3 минути)

[Средина: Наставничката повторно претставува математичка задача за поврзување]

**Наставничка:** „Марко, ајде да ги поврземе броевите!"

**Марко:** [Се жали и го крие лицето, одбива да се вклучи во активноста]

**Наставничка:** „Прво ќе ја завршиме задачата" [Кратко чека да ја реши задачата, нежно ја допира раката на Марко за да го насочи кон материјалите.]

**Марко:** [Зема картичка и ја поврзува]

**Наставничка:** „Успеа! Ајде уште една картичка и потоа е време за пауза!"

**Обучувач:** „Одлично обезбеди поткрепување по завршување на првиот дел од задачата. Продолжи го моментумот на сесијата."

---

Сцена 4а: Вежба за ескалирање (2 минути)

[Средина: Марко се обидува да го ескалира своето однесување кога се воведува потешка задача.]

**Наставничка:** „Ајде да ги изброиме овие коцки и да ги поврземе со соодветните броеви!"
**Марко:** [Станува и трча кон другата страна на просторијата.]
**Наставничка:** [Смирено го следи и го пренасочува]: „Време е да седнеш и да ја завршиш задачата со коцките." [Покажува кон неговиот стол и со неутрален израз го насочува Марко да седне.]
**Марко:** [Седнува и одбива да ги допре материјалите.]
**Наставничка:** „Ајде да почнеме заедно. Јас ќе ти помогнам со првите коцки."
**Обучувач:** „Одлично, успешно го смири однесувањето. Ајде да се обидеш веднаш да му понудиш помош на Марко, кога му се воведува потешка задача. Така можеш да користиш стратегии за претходници и да го научиш да побара помош кога му е потребна, наместо да бега."
**Наставничка:** „Добро, значи однапред ќе му кажам дека може да побара помош. Дали треба да му дадам и визуелен потсетник?"
**Обучувач:** „Да, тоа би било одлично. Едноставен визуелен потсетник, како картичка со зборот „помош" (или слика што претставува помош/раце) или гест за покажување, може да го потсети Марко за неговите опции. Ајде следно да го вежбаме ова."

Сцена 4б: Вежба за стратегии за претходници (3 минути)
[Средина: Наставничката се подготвува за потешка задача и претставува проактивна поддршка со цел да се намалат однесувањата на бегство.]

**Наставничка:** „Марко оваа задача може да биде потешка, но можеш да побараш помош доколку ти е потребно. Само кажи ' те молам, помош!' " [Покажува кон картичката за „помош".]
**Марко:** [Изгледа несигурно, но седи и чека.]
**Наставничка:** „Ајде да ги поврземе коцките со соодветниот број." [Ги подготвува коцките и броевите за задачата.]
**Марко:** [Се обидува да ја заврши задачата, но се мачи.]
**Наставничка:** „Можеш да кажеш 'те молам, помош'." [Покажува кон картичката за „помош".]
**Марко:** „Те молам, помош."
**Наставничка:** „Нема проблем Марко! Ќе ги поврземе првите коцки заедно." [Ги поврзува едните коцки со соодветниот број, потоа го поттикнува Марко да ги поврзе следните.]

**Обучувач:** „Тоа беше совршено. Забележи како Марко откако го потсети дека може да побара помош, се вклучи во активноста наместо да избега од клупата."

---

Сцена 5: Рефлексија (1 минута)
**Обучувач:** „Одлична работа, остана смирена и истрајна. Го научи Марко како да побара помош доколку му е потребна и обезбеди поткрепување за неговите соодветни обиди. Запомни дека може да се појави „експлозија на истребувањето"- неговото однесување може да ескалира пред да се подобри."
**Наставничка:** „Гледам колку е важно да си истраен. Дали однапред треба да понудам паузи за да се намали можноста да ги избегнува задачите?"
**Обучувач:** „Да, вклучување на проактивни стратегии, како визуелен тајмер или давање избор, со текот на времето може да ги намалат однесувањата со функција на бегство."

---

Сцена 6: Самостојна пракса/Генерализација (2 минути)
**Обучувач:** „Сега ќе вежбаш самостојно. Јас сега ќе бидам Марко, а ти ќе реагираш врз основа на неговото однесување. Фокусирај се на истребување на бегството и поткрепување на вклучувањето во задачата."
[Наставничката и обучувачот самостојно се вклучуваат во улогите, симулирајќи различни однесувања на бегство.]

---

Клучни точки за учење
1. Одржување на контрола на наставата за време на однесувања со функција на бегство.
2. Да не се дозволи избегнување на задачата преку предизвикувачки однесувања.
3. Користење на минимално поттикнување за повторно вклучување на детето во задачата.
4. Поткрепување по завршување на мали чекори.
5. План за експлозија на истребувањето и одржување на конзистентност.
6. Проактивно учење за како да побара помош или пауза.

Критериуми за успех

- Наставничката го одржува вклучувањето во задачата и покрај обидите за бегство на Марко.
- Наставничката го игнорира избегнувањето на задачата и го пренасочува кога е потребно.
- Наставничката веднаш го поткрепува соодветното вклучување во задачата.

-Наставничката демонстрира проактивни стратегии за да го намали однесувањето со функција на бегство.